Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-688/1 од 12.9.2023 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација во областа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 26.9.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-688/2
26-09-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Образложение**

На 12.9.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] за извршена дискриминација во областа на образование, против [redacted] во ООУ Гоце Делчев, н. Илинден.

Подносителката на претставката наведува дека [redacted] ООУ Гоце Делчев – н. Илинден, со недоличен и јавен настап од лични причини има поттикнато и сторено секаков вид на директна и индиректна дискриминација при остварување на правата и слободите на детето. Во продолжение е истакнато дека ваквата дискриминација е извршена со ставање како предмет на јавна расправа и со нагласување на името на детето во просториите на училиштето пред наставници и други вработени на деновите 25.8.2023, 29.8.2023, 30.8.2023 и 31.8.2023 година. Подносителката наведува дека педагогот, против која ја поднесува претставката, со погрдни, вулгарни и недолични зборови и со вербални закани негодувала и гласно барала да се промени списокот со запишани ученици во прво г) одделение, односно да се изврши преместување на малолетното дете на [redacted] одделение. Во претставката е истакнато дека не е јасно како педагогот Сања одлучила нејзиното дете да го распореди во прво г) одделение, а притоа истото да не биде тема на разговор пред колективот на наставници и вработени. Во наводите на претставката е истакнато дека [redacted] со висок тон на врескање, силно викање и погрдни зборови, упорно инсистирала на промена на веќе потпишани, заверени и архивирани и истакнати списоци на деца во прво одделение. Подносителката наведува дека индикатор за самоволието на педагогот е и немањето на Програма за работа, или пак е недостапен увид во истата, со што подносителката истакнува дека се потврдува нестручното, неодговорно и несовесно работење на [redacted].

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација,.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20), која гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други*.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност. Оттука, имајќи ја во предвид содржината на претставката и постоењето на можна повреда на Законот за основно образование и Законот за наставници во основните и средните училишта, Ве упатува да се обратите до Државниот просветен инспекторат.

26.9.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk